# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ
Примено: 14.04.2014
07 12/42

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

I ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ДВЕГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

## I. ВОВЕД

**(Основни податоци за наставниот предмет)**

Наставниот предмет македонски јазик и литература ги опфаќа програмските подрачја Јазик и Литература. Преку овој наставен предмет учениците треба да ги усвојат основните знаења од јазик и успешно да ги применуваат. Во подрачјето Литература се создаваат услови да се практикуваат знаењата од подрачјето Јазик.

Одредени наставни содржиниво секоја година се во насока на развивање на конкретни вештини и знаења преку практична примена.

**Назив на наставниот предмет:** македонски јазик и литература

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** прва година

**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до II година)

Ученикот/ученичката:

-да ги проширува и продлабочува знаењата за македонскиот литературен јазик како основно средство за комуникација;

-да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување, за сфаќање и доживување на литературните и на другите текстови;

-да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како најкарактеристичен белег на националниот идентитет и припадност на македонската јазична заедница;

-да развива и да стекнува способности и вештини во комуникацијата со коректна примена на македонскиот стандарден јазик;

-да се оспособи за разбирање и следење на усни и писмени излагања на другите;

-да се здобие со трајни и функционални знаења;

- да се оспособи за реализирање на предвидените цели на наставата во предвидената наставна година како и конкретните цели.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

-да се стекне со знаења од областа на историскиот развој на македонскот јазик;

-да ги усвојува и применува правописните правила на македонскиот стандарден јазик;

- да усвојува содржини, поими и правила од фонетика и правилно да ги применува во усната и писмената комуникација;

-да ги применува правилата за акцентирање при усното изразување;

-да ги разликува и применува различните интерпукциски и правописни знаци;

-да се оспособи за писмена комуникација со текстови од практично-професионална комуникација;

-да се запознае со светските и националните литертурни остварувања и знаења за периодите и процесите во литературната историја;

-да ги препознава и разликува литературните видови и родови и нивните карактеристики;

-да се оспособи за толкување на литературните творби.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Програмско подрачје: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката: | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги наведува основните податоци за потеклото на македонскиот јазик и неговата припадност во групата словенски јазици;<br>-да ги идентификува особеностите (заедничките карактеристики) на јазиците од јужнословенската група јазици;<br>-да ги воочи разликите во писмото кое го употребуваат јужнословенската група јазици; | Историски развој на македонскиот јазик<br>Македонскиот јазик во групата на словенски јазици | Семејството на словенските јазици, групи на словенски јазици, јужнословенска група јазици | Пишување на иста реченица на различен јазик и различно писмо.<br>Насочувачки прашања за откривање на заедничките особености и разликите на јазиците. |
| -да го опише историскиот развој на словенската писменост од првото словенско писмо (глаголица) до варијантите на црковнословенскиот јазик;<br>-да набројува историски факти од развојот на словенската писменост;<br>-да ги именува азбуките на старословенскиот јазик; | Јазикот на словенската писменост | Писмо, глаголица, старословенски јазик, црковнословенски јазик, македонска варијанта на црковнословенски от јазик, | ЗСНУ (знам, сакам да знам, научив) презентација со слики на писмото, текстови од книжевни споменици од различни периоди. |
| -да ги именува основните био-библиографски податоци за К. П. Мисирков; | Крсте Петков Мисирков – био-библиографски податоци и неговите погледи за македонскиот литературен | централно македонско наречје, | (Наставникот им дава текст со био-библиографските |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги толкува ставовите на Мисирков за македонскиот стандарен јазик;<br>- да ја анализира статијата „Неколку збори за македонцкиот литературен јазик"; | јазик („За македонцките работи - Неколку збори за македонцкиот литературен јазик") | македонски правопис, македонска литература | податоци за Мисирков од кој учениците треба да ги извлечат основните податоци.)<br>-Индивидуално читање на петтата статија.<br>-Интерпретација на петата статија преку колона со двоен запис (на едната страна авторовата мисла, а на другата толкување од ученикот). |
| -да се запознае со македонското јазично прашање во периодот меѓу двете светски војни, територијалната поделеност на Македонија и аспирациите на соседите; | Македонскиот јазик меѓу двете светски војни и по Втората светска војна | Егејска, Пиринска, Вардарска Македонија Кодификација, правопис | Илустрации и примери за воочување на состојбите.<br>Грозд техника за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да умее да го дефинира поимот фонетика;<br>-да ја знае разликата меѓу глас, фонема и буква;<br>-да ја знае поделбата на гласовите во македонскиот фонолошки систем;<br>-да ги разликува самогласките од согласките;<br>-да го определи местото на самогласното р; | Фонетика и фонологија<br>Фонетика и фонологија, глас, фонема<br>Поделба на гласовите | Глас<br>Фонема<br>буква<br>Самогласки, согласки, звучни, безвучни согласки | сумирање на периодот.<br><br>Изработка на графикон (шема, табела) за поделбата на гласовите.<br>Вежби за слоготворната функција на самогласките, вежби за вокално р, вежби за поделба на зборовите на слогови. |
| -да ги сфати причините за гласовните промени, да ги разликува и препознава (едначење по звучност, елизија, обезучување, редување);<br>-да ги применува гласовните промени; | Гласовни промени | Едначење по звучност, елизија, обезучување, редување | Вежби за илустрација на гласовните промени (говорна и пишувана форма), вежби за примена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да разликува зборови со и без акцент;<br>-да ги сфати правилата на македонскиот акцентски систем;<br>-да ги знае правилата на третосложното акцентирање и неговите отстапки;<br>-да ги применува правилата на македонскиот акцентски систем;<br><br>-да умее да го дефинира поимот акцентска целост и неговото значење за говорната форма на јазикот;<br>-да опише како се образува акцентската целост;<br>-да ги применува различните видови акцентски целости; | Акцент<br>Акцент - општи карактеристики, акцентот ма македонскиот јазик, отстапување од третосложниот акцент<br><br>Акцентски целости<br><br>Правопис и правоговор<br>Слеано и разделно пишување на зборовите | Определен, третосложен, динамичен;<br>Отстапувања<br><br>Полнозначни зборови<br>Клитики | на стекнатите знаења.<br>Вежби со намерни грешки во кои учениците ќе треба да ги коригираат и објаснат грешките.<br>Вежби за отстапувањето од едначењето по звучност.<br><br>Говорни вежби за правилно и неправилно акцентирање на зборовите со потенцирање на погрешното акцентирање.<br>Вежби за акцентирање на зборови кои отстапуваат од третосложниот акцент. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги дефинира поимите правопис и правоговор;<br>да ги открие правилата на слеано и разделно пишување на зборовите;<br>-да објаснува примери за слеано и разделно пишување на зборовите;<br>-да ги применува правилата за слеано и разделно пишување на зборовите;<br><br>-да ги користи правилата за делење на зборот од крајот на редот;<br>-да ја знае правилната употреба на цртичката;<br><br>-да ги набројува и илустрира правилата за | Делење на зборот од крајот на редот<br><br>Употреба на голема буква | Сложенки<br>Полусложенки<br>Одделно пишување<br><br>Слог<br>Правила<br><br>По точка<br>Сопствени именки<br>Административна единица<br>објект, институција | Вежби (говорни и писмени) за правилно усвојување на акцентските целости<br>Вежби со текстови за обележување на акцентската целост<br><br>Вежби за примена на правилата за слеано и разделно пишување на зборовите.<br>Вежби со текст во кој правилно ќе се пишуваат и коригираат погрешно напишаните сложени зборови.<br>Вежби за нагласување на правилата на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| употреба на голема буква;<br>-да ги именува исклучоците од овие правила;<br>-да ги применува правилата во секојдневната писмена комуникација;<br><br>-да прави разликата меѓу скратеници и скратувања;<br>-да ги користи правилата за скратување на различни видови зборови;<br>-да составува самостојно скратеници и да ги објаснува;<br>-да ги применува начините на читање и бележење на скратениците и скратените зборови;<br><br>-да прави разлика меѓу интерпукциски и правописен знак;<br>-да ја споредува нивната функција;<br>- да ги применува правилно правописните и интерпукциските знаци; | Скратеници и скратувања на зборовите<br><br>Интерпукциски и правописни знаци<br><br>Практично-професионална комуникација<br><br>Деловен разговор<br>Записник<br>Извештај<br>Понуда<br>Молба | Скратеници скратувања<br><br>Точка<br>Запирка<br>Наводници<br>Две точки<br><br>Деловен разговор<br>Записник<br>Извештај<br>Понуда | разделно пишување на зборовите.<br>Вежби за утврдување на правилата за делење на зборот.<br><br>Вежби за примена на изучените правила<br>Текстови со намерни грешки<br>Диктат за правилно пишување на зборовите.<br><br>Вежби за скратеници и скратување на зборовите<br>Вежби во кои ќе се потенцираат разликите меѓу |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да препознава деловен разговор;<br>-да илустрира соодветни примери на деловен разговор;<br>-да го користи во секојдневната комуникација;<br>-да ги набројува одликите на писмените текстови;<br>-да ја знае примената на писмените текстови;<br>-да ги споредува писмените текстови од практично-професионалната комуникација и соодветно да ги употребува;<br>-да прави разлика меѓу приватно и деловно писмо;<br>-да ги применува правописните правила и стандардниот македонски јазик. | Жалба<br>Барање<br>Приговор<br>Писмо (деловно и приватно) | Молба<br>Жалба<br>Барање<br>Приговор<br>Писмо | скратениците и скратувањето<br><br>Вежби за употреба на изучените правила.<br><br>Вежби за симулација на деловен разговор и вежби за самостојно изработување на текстовите (практична примена на знаењата УПФТ - улога, публика, форма, тема) |

| Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ги именува одликите на литературата како уметност; | Теорија на литературата<br><br>Литературата како вид уметност | Уметност,<br>Литература,<br>Доживување | Се презентираат различни уметнички дела. Дискусија за специфичните јазици на уметностите |
| -да ги набројува одликите на науката за литературата;<br>-да ги набројува дисциплините на науката за литература; | Наука за литературата<br><br>Поделба на науката за литературата | Теорија на литературата, историја на литературата, литературна критика | Шематски приказ на научните дисциплини и поддисциплини, со фокус врз нивниот предмет на интерес во однос на литературата. Илустрации преку фрагменти од соодветните книжевно - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги дефинира категориите литературен род и вид;<br><br>-да ги препознава одликите на секој род/вид посебно;<br><br>-да ги разликува критериумите за поделба на литературни родови и видови;<br>-да ги применува знаењата за литературните родови и видови; | Литерарaтурни родови и видови<br><br>- Лирика, епика, драма: општи одлики; преглед на лирски, епски, драмски видови<br><br>Народна литература - одлики и типологија | Лирика, стих, чувства, епика, лик, опис, раскажување, раскажувач, драма, дејство, чин, драмски дијалог, драмски конфликт | научни текстови.<br><br>Шематски приказ на конститутивните одлики на литературните родови и видови.<br>Извадоци од текстови репрезентативни за илустрирање на одликите на секој книжевен род/вид. |
| -да ги именува основните одлики на народната литература;<br>-да ја толкува разликата меѓу усната и пишаната литература, меѓу народната и уметничката литература; | Историја на литературата<br><br>Најстарите литератури во светот (преглед) | Фолклор, авторска-анонимна литература | Работилница за читање текстови кои се репрезентативни за илустрирање на одликите и основните видови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | народна литература. |
| -да ги усвојува податоците за најстарите литератури на светот;<br>-да ги знае одликите на најстарите литератури во светот; | Хебрејска литература<br>Библија (Песна над песните) | Веди, сутри, Книга на мртвите | Шема со дијахрониски развој на литературата.<br>Илустрација преку читање извадоци од текстови од најстарите литератури. |
| -да ги знае одликите на хебрејската литература преку деловите од Библијата;<br>-да стекне знаења за структурата на Библијата;<br>-да интерпретира понудени библиски текстови; | Старогрчка литература: Хомер Илијада („Разделбата на Хектор и Андромаха“) | Библија, Стар завет, Нов завет, евангелие<br><br>старогрчка митологија, еп | Интерпретативно читање на извадоци од Библијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Хомер;<br>-да се здобие со знаења за жанрот еп;<br>-да анализира фрагмент од „Илијада" | | | Читање и коментирање селектирани содржини од „Илијада" |
| -да ги објаснува општествено-историските прилики во кои се појавува идејата за словенската писменост; | Почетоците на словенската писменост | Христијанство, христијанизација, словенска писменост | Вежби преку читање текстови кои се значајни за почетокот на словенската писменост. |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Кирил и Методиј;<br>-да го коментира нивното значење за ширењето на словенската писменост;<br>-да ги анализира „Панонски легенди" | Св. Кирил и Методиј - Панонски легенди | Житие, глаголица, Моравска мисија | Интерпретативно читање на „Панонските легенди". Работа во групи. |
| | Климент Охридски – Пофално слово за Кирил филозоф | Средновековна книжевна школа, слово, пофално, поучно | Дебата: Значењето на Моравската мисија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Климент Охридски;<br>-да го објаснува значењето на Климент Охридски за развојот на македонската литература;<br>-да анализира извадоци од поучителни и пофални слова;<br><br>-да ги набројува одликите на просветителството;<br><br>-да ги препознава одликите на просветителството во Македонија преку животот и делото на Крчовски, Пејчиновиќ, Синаитски;<br><br>-да интерпретира просветителски текстови; | Просветителството во Македонија: појава, одлики, претставници<br><br>Кирил Пејчиновиќ - Епитаф, „Слово за празниците"<br><br>Романтизам - појава , одлики, претставници | културно-просветителска дејност<br><br>народен говор, епитаф, слово, религиозно-поучна литература, верска и морална просвета<br><br>Романтизам, светска болка, бегство од реалноста | Читање народни умотворби кои го чуваат култот на Климент.<br>Дискусија за прочитаните беседи на Климент Охридски<br>Едно поучително слово („Слово за постот") преку кое ќе се воочат неговите одлики.<br>Читање на текстот од „Похвала на нашиот блажен татко и учител словенски Кирил Филозоф" и определување на неговите одлики. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги репродуцира условите во кои се појавува романтизмот како движење во уметноста воопшто;<br>-да ги набројува основните одлики на романтизмот во литературата; | | | Интерпретативно читање на просветителски текстови од Пејчиновиќ.<br>Коментирање на просветителските идеи. |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Бајрон;<br><br>-да ја интерпретира „Прошталната песна", препознавајќи ги романтичерските елементи во неа; | Џорџ Гордон Бајрон<br>Странствувањето на Чајлд Харолд („Прошталната песна") | Поема | Работа во групи: аудиовизуелна презентација на одликите на романтизмот во различни уметности и резимиран приказ на часот.<br><br>Интерпретативно читање на „Прошталната песна" |
| -да ги изложува спецификите на македонскиот романтизам/преродба; | Романтизмот и културната преродба во Македонија<br><br>Собирачи на македонско народно | Културна преродба<br><br>Зборник, собирачка дејност | Дискусија на тема: Отуѓеноста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | творештво: преглед Зборникот на браќата Миладиновци (избор) | | на индивидуата. Учениците во групи и индивидуално ги забележуваат предзнаењата во врска со новата наставна содржина. |
| -да го коментира значењето на собирачите за преродбата;<br>-да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Димитрија Миладинов;<br>-да го коментира значењето на Димитрија Миладинов за преродбата; | Константин Миладинов Поезија („Т`га за југ", „Бисера", „Голапче") | Основоположник на уметничката поезија | Визуелен материјал. |
| -да ги репродуцира основните био-библиографски податоци за Константин Миладинов;<br>-да ги интерпретира песните на Константин Миладинов од аспект на романтичарската поетика; | | | Текстови за илустрација на собирачката дејност (извадоци). Предговорот кон „Зборникот на Миладиновци". Фотографии, репродукции, факсимили. Интерпретативно читање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да репродуцира основните био-библиографски податоци за Григор Прличев;<br><br>-да го интерпретира Сердарот. | Григор Прличев - Сердарот | Поема,<br>словенска антитеза | песните на К. Миладинов. Препознавање на романтичерските и фолклорните елементи во песните.<br><br>Интерпретативно читање на „Сердарот " со фокус врз разоткривање на лирско-епските елементи. Дискусија: Етичката димензија на ликовите |

Лектири:

1. Македонска народна поезија
2. Грчки митови - Роберт Грејвс (избор)

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот македонски јазик и литература подразбира распределба на часовите за усвојување на нови наставни содржини од областите Јазик и Литература, при што треба да се обрне внимание на бројот на часовите за реализирање на функционалните цели на обете подрачја, со акцент врз самостојната работа на учениците.
Во текот на наставната година се работат задолжителни две писмени работи за кои се испланирани шест (6) наставни часа (за техничка подготовка, за изведба и за поправка).

Целите на предметот македонски јазик и литература ќе биде успешно остварена доколку во целост се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по подрачја и теми.

За реализација на програмските содржини ќе се применува традиционална и современа наставна технологија, како единство на интеракција меѓу наставникот, ученикот и наставната содржина, формите, методите и средствата, за да се постигнат целите на предметот.
Покрај основните традиционални методи се применуваат и методите на активно учење преку кои ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.
По давањето на информациите за определена содржина, со примена на ИКТ и современа наставна технологија, од учениците ќе се бара истите да ги толкуваат со примена на формите за усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, анализираат и синтетизираат и практично да ги применуваат стекнатите знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето.

## VI. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Според Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржини. Во прва година во програмското подрачје Јазик се обработуваат содржините: Историски развој на македонскиот јазик, Фонетика и фонологија, Акцент, Правопис и правоговор, Практично-професионална комуникација, Теорија на литературата, Историја на литературата и Словенска писменост според кои учениците по нивоа треба да ги исполнат следните стандарди:

| Наставно подрачје/ содржини | Ниво на постигање | Стандард |
|---|---|---|
| **Јазик**<br><br>Историски развиток на македонскиот јазик<br>Фонетика и фонологија<br>Правоговор и правопис<br>Акцент<br>Практично-професионална комуникација | Помнење | Уќеникот и ученичката:<br>препознава белези на словенските јазици;<br>набројува факти од историскиот развиток на словенската писменост;<br>именува писма од словенската писменост;<br>набројува белези на македонската јазична варијанта;<br>набројува поделби во македонскиот фонолошки систем;<br>препознава белези на акцентот во македонскиот стандарден јазик. |
| | Разбирање | Објаснува значење на книжевни школи. |
| | Применување | Применува правописни правила за согласки и самогласки;<br>применува правописни правила при пишување голема буква, скратеници, интерпункциски знаци;<br>демонстрира употреба на различни акцентски целости;<br>демонстрира учество во деловен разговор;<br>пишува различни форми за практично-професионална комуникација. |

| | | |
|---|---|---|
| | Анализа<br>Синтеза<br>Вреднување | Разликува глас од фонема;<br>објаснува причини за гласовни промени кај согласките. |
| **Наставно подрачје/ содржини** | **Ниво на постигање** | **Стандард** |
| **Литература**<br><br>Теорија на литературата<br>Фолклор – мит<br>Поезија<br>Лирика-<br>Епика<br>-Драма<br>Историја на литературата<br>Стари литератури<br>Хомер<br>Старословенска писменост<br>Просветителството во Македонија<br><br>Романтизамот во | Помнење | Именува белези на литературата како уметност;<br>набројува поделби на литературата;<br>набројува основни белези на народната литература;<br>препознава лирски субјект во лирска творба;<br>препознава композиција на песна;<br>набројува белези на лик;<br>набројува видови епски форми;<br>именува белези на најстарите литератури на светот;<br>набројува причини за појава на словенската писменост;<br>именува средновековни книжевни школи;<br>набројува белези на просветителството во Македонија;<br>репродуцира основни био-библиографски податоци за Пејчиновиќ;<br>кажува факти за појавата на романтизмот во Европа;<br>набројува основни био-библиографски податоци за Бајрон;<br>репродуцира специфики на македонскиот романтизам;<br>знае основни био-библиографски податоци за К. Миладинов, Г.Прличев. |
| | Разбирање | Го објаснува митот и фолклорот како извори на литературата;<br>дефинира лирика во однос на другите родови.<br>Дефинира епика во однос на другите родови; |

| | | |
|---|---|---|
| Европа<br><br>Романтизмот и културната преродба во Македонија | | опишува епски форми во стих и форма;<br>дефинира драма во однос на другите родови;<br>дефинира белези на старогрчка епика преку делата на Хомер;<br>објаснува значење на Климент Охридски за развојот на македонската книжевност;<br>објаснува карактеристики на македонскиот романтизам;<br>толкува значење на Д.Миладинов како преродбеник и како собирач на народни умотворби. |
| | Применување | Покажува и користи стилски изразни средства;<br>презентира белези на лирски,епски и лирско-епски дела. |
| | Анализа<br>Синтеза,<br>Вреднување | Разликува лирски песни според тематска поделба;<br>го анализира делото Панонски легенди;<br>анализира дело од Пејчиновиќ, Бајрон, К.Миладинов, Г.Прличев;<br>вреднува значење на ликови во дадено дело;<br>коментира белези на различни правци во литературата. |

## VII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување.
Усниот инструментариум се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.
Пишуваниот инструментариум ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.
Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.
Оценувањето треба да биде во функција на успешно завршување на наставната година.
За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително сеорганизира додатна настава.
За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

## VIII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализација (институции на култура, научни институции, природен амбиент и др.).

## IX. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Студиски групи на Филолошкиот, односно Филозофскиот факултет:

-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јази како втор главен предмет;

-Македонски јазик и книжевност-наставна насока;

-Општа и компаративна книжевност.

## X. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2013 година

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по македонски јазик и литература за прва (I) година на средното стручно образование со двегодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-6463/1
08-04-2014 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР,

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-633/1 од 22.04.2013 год., координатор м-р Блага Панева
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ